Macedonian | Македонски

# Останете безбедни после невреме

## Бидете во тек



Метеоролошкото биро ќе го откаже **Предупредувањето за силно невреме** или **Предупредувањето за силни грмотевици** кога ќе помине невремето.

SES на Нов Јужен Велс може да издаде **совет: Заканата е намалена**.

Ако сте ја напуштиле погодената област, вратете се претпазливо откако ќе помине невремето.



## Ако вашиот дом бил погоден

Јавете се на NSW SES на 132 500 ако ви треба итна помош.

Организирајте безбедносни инспекции и поправки за вашиот дом, бизнис и имот, вклучувајќи ги приклучоците за гас и електрична енергија.

Контактирајте со професионалци за да ја процените штетата на вашиот имот, на пример:

- градежник
- плочкар
- дрвосечач
- водоинсталатер
- соодветни занаетчии



Ако сте под кирија, контактирајте го сопственикот заради итни поправки.

Контактирајте ја вашата осигурителна компанија.

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES